# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2028

**на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Поднесено до Научниот совет од страна на Институтската управа

Скопје, декември 2023

# ВОВЕД

Основан во 1965 година, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) се профилира како **водечка јавна институција во земјата посветена на истражувачка работа во областа на општествените науки**. Иако називот на Институтот експлицитно се однесува на три централни дисциплини во рамките на пошироката област на општествените науки, тематскиот опфат на ИСППИ е многу поголем. Низ годините, ИСППИ активно учествувал во разновидни истражувачки активности кои опфаќаат и организациски науки и управување, комуникациски науки, психологија, антропологија, јавна управа и администрација, демографија и социјална политика. Дополнително, ИСППИ од 1980-тите години па натаму спроведува академско образование во некои од споменатите тематски области на втор и трет циклус студии (магистерски и докторски програми). Како составен дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ИСППИ има децениска традиција, обележана со ригорозни научни истражувања, објавување на трудови, организирање на академски настани и создавање на следните генерации на истражувачи.

Наближувајќи се кон седмата деценија од својата работа, **ИСППИ се соочува со бројни предизвици**. Достапните ресурси за научно-истражувачка работа не се ни одблиску до нивоата од минатото, а бројот на студенти со текот на годините опаѓа. Буџетските средства кои се издвојуваат за ИСППИ се недоволни и ги загрозуваат и основните услови за работа на вработените. Обновата на кадарот оди тешко со бројните административни и финансиски ограничувања. Овие околности несомнено го отежнуваат спроведувањето на главната мисија во работата на ИСППИ, односно можноста на Институтот и понатамошно да придонесува кон развојот на македонската општествена наука.

Оттаму потребата за овој стратешки документ. **Стратегијата на ИСППИ за периодот јануари 2024 - декември 2028 има за цел да ја структуира работата** на Институтот земајќи ги предвид актуелните предизвици, но и искористувајќи ги достапните можности. Нацрт-документот е подготвен во процес кој вклучуваше собирање на мислења од членовите на кадарот преку состаноци и индивидуална електронска анкета. Секое одделение на ИСППИ (Социолошко, Политиколошко-правно и Организациски науки), како и групата членови на административниот кадар, подготвија своја SWOT анализа за работата на ИСППИ, а секој вработен можеше тоа да го направи и индивидуално преку електронската анкета. Податоците од посебните анализи понатаму беа синтетизирани во два посебни документа - еден кој се однесува на одделенијата и втор на индивидуалните SWOT анализи. Електронската анкета, пак, понуди податоци за мислењата и ставовите на вработените во однос на различни аспекти на работата на ИСППИ, очекувањата за личен професионален развој, како и преференците за приоритети во работата на ИСППИ. SWOT анализите се достапни во Прилог 2, а податоците од анкетата во Прилог 3 кон овој документ.

Оваа Стратегија предвидува дека **до крајот на 2028** година **ИСППИ ќе го зајакне својот придонес кон македонската општествена наука** и дека тоа ќе биде прикажано во зголемен обем на научно-истражувачка работа и академска настава (вклучително и издаваштво), зголемена видливост во јавната сфера и зајакната соработка на меѓународен план. Внатрешно, во истиот период, ИСППИ ќе цели кон воспоставување на механизми за континуирано подобрување на условите за работа и надминување на кадровските слабости. Предвидените мерки се дизајнирани согласно можностите и иако во многу сегменти не успеваат докрај да се справат со горливите проблеми на ИСППИ, претставуваат соодветна реакција на контекстот и околносите во кој Институтот функционира.

# ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Во рамки на предвидениот петгодишниот период **ИСППИ ќе цели да продолжи да го зајакнува својот придонес кон развојот на општествената наука** во Република Северна Македонија.

Поконкретно, ова се **<u>специфичните цели</u>** кон кои ИСППИ ќе се стреми:

→ Цел 1. Подобрување на условите за работа, инфраструктурно во однос на опремата за работа;

→ Цел 2. Зголемување на обемот на научно истражувачка работа;

→ Цел 3. Развој на едукативната дејност, студиските програми и зајакнување на привлекувањето на студенти;

→ Цел 4. Зајакнување на кадарот и внатрешните меѓучовечки односи;

→ Цел 5. Зајакнување на издавачката дејност;

→ Цел 6. Зајакнување на видливоста; и

→ Цел 7. Зајакнување намеѓународната вмреженост.

# СТРУКТУРА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Документот е поделен на **седум тематски области** (кои одговараат на секоја од зацртаните конкретни цели) за кои се дизајнирани соодветни потцели и активности. Во воведниот збор кон секоја тематска област дадено е објаснување за причините за зацртаната цел и соодветните потцели, по што таксативно се наведени активностите, вклучувајќи краток опис (доколку е соодветно, и информација за финансиски импликации),

временски рок за имплементација и индикатори за успешност. Стратегијата предвидува **вкупно 25 потцели и 61 активност за петгодишниот период**.

Согласно зацртаните специфични цели, во оваа Стратегија се опфатени следните тематски области:

→ Тематска област 1. Услови за работа

→ Тематска област 2. Научно-истражувачка работа

→ Тематска област 3. Настава

→ Тематска област 4. Кадар и работна атмосфера

→ Тематска област 5. Издаваштво

→ Тематска област 6. Видливост

→ Тематска област 7. Меѓународна соработка.

# НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

**Спроведувањето на Стратегијата е одговорност на сите вработени**, согласно нивните позиции и работни обврски. **Орган одговорен за следењето на спроведувањето е Институтската управа**, која пак е должна еднаш годишно формално да го информира Научниот совет за динамиката и успешноста во спроведување преку писмен извештај. **Научниот совет е органот кој конечно ја евалуира успешноста во спроведувањето** преку формална одлука на годишно ниво и по периодот на спроведување.

Во описите на активностите поместени подоле дадена е информација за обврските кои органите, одделенијата, колегиумите, службите и вработените во ИСППИ треба да ги преземат со цел спроведување на Стратегијата.

# ВРЕМЕНСКА РАМКА

Спроведувањето на Стратегијата е предвидено за петгодишен период, почнувајќи од 1 јануари 2024 година, до 31 декември 2028.

Еден дел од активностите опишани подоле имаат прецизно определени периоди на имплементација, со даден краен рок на завршување. Втор вид активности се наменети да се случуваат периодично, а трет вид се замислени како тековни. Причината за ова е во нивниот карактер, дел лесно можат да се предвидат, други се темелат на пракса, а трети навистина тешко можат да се претворат во временска рамка бидејќи завршат од

надворешни околности и често од краткотрајни можности кои ИСППИ треба да биде подготвен да ги искористи.

Целокупната временска рамка е претставена табеларно во Прилогот 1 кон овој документ.

# ПОТЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 1. УСЛОВИ ЗА РАБОТА*

Според СВОТ анализата, една од главните посочени слабости во функционирањето на ИСППИ претставувааат условите за работа, сфатени како инфраструктурни услови за спроведување на настава, научно-истражувачка, апликативна и административна дејност, како и опременоста со соодветна работна опрема. Во спроведената анкета, персоналот на ИСППИ ги процени условите за наставно-научна работа, настава и апликативна дејност со средни оценки кои варираат од 2,81 до 2,88 на скала од 1 („недоволни услови“) до 5 („одлични услови“), додека условите за административна работа беа проценети нешто повисоко, со просечна вредност од 3,24. Институтската опременост со опрема за работа исто така беше оценета со релативно ниска просечна оценка од 2,81 на скала од 1 (недоволна опременост) до 5 (целосна опременост). Поврзано со овие констатации, персоналот на ИСППИ високо го вреднува подобрувањето на работните услови и техничката опременост како приоритети за иднината: двата приоритета добија високи средни оценки од 3,93 и 4,08 соодветно на скала од 1 („не треба да биде приоритет“) до 5 („треба да биде еден од најзначајните приоритети“).

Овој документ предвидува повеќе активности кои имаат за цел да го подигнат квалитетот на условите за работа во ИСППИ. Се цели кон подобрувања во инфрАструктурните услови и опремата за работа преку воведување на механизми кои ќе гарантираат постојани вложувања, како чекори во насока на адекватно зачувување на постојната опрема. Во периодот на спроведување на Стратегијата, ИСППИ ќе цели и да ја обнови бившата институтска сала уништена со пожарот во 2017 година. Сите овие активност треба да го доведат ИСППИ во состојба на подобрени материјални услови за работа по истекот на следниот петгодишен период.

### Цел 1.1. Подобрување на инфраструктурните услови во објектот на ИСППИ.

**Активност 1.1.1. Определување на минимум процент од Институтскиот буџет кој на годишно ниво мора да се искористи за подобрување на инфраструктурните услови.**

- Оваа активност треба да ја спроведе Институтската управа во форма на обврзувачка Одлука (која ќе може да се ревидира) на годишно ниво. Средствата за подобрување на инфраструктурните услови ќе се влечат од приливите кои пристигнуваат од школарините за постидипломските студии (10%).

*<u>Временски рок за имплементација</u>: јануари 2024 (со ревизии по потреба во следните години во месец јануари).*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Усвоена Одлука за задолжителен буџет наменет за подобрување на инфраструктурните услови (со ревизии по потреба).*

**Активност 1.1.2. Определување на приоритети за инфраструктурни подобрувања (креирање на план за инфраструктурни подобрувања).**

- Оваа активност треба да ја спроведе Институтската управа, односно раководителите на институтските одделенија кои треба да организираат процес на консултација со персоналот за прирититетите за инфраструктурни подобрувања. Утврдените приоритети ќе бидат први за спроведување во рамки на годината, согласно финансиските можности.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: До крајот на месец јануари во секоја година од имплементација на Стратегијата.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креирани пет годишни плана со приоритети за инфраструктурни подобрувања.*

**Активност 1.1.3. Извршување на годишниот буџет за инфраструктурни подобрувања.**

- Активноста предвидува извршување на планот предвиден во рамки на Активноста 1.1.2, користејќи го алоцираниот буџет од Активноста 1.1.1. Одговорни за управување со инфраструктурните зафати се директорот или заменик-директорот, со поддршка на дел од административната служба (секретарот, одговорното лице за јавни набавки и останати вработени).

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Еден годишен план треба да биде извршен во текот на една календарска година во текот на целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Спроведени пет годишни плана со приоритети за инфраструктурни подобрувања.*

## ЦЕЛ 1.2. Подобрување на квалитетот на опремата за работа.

**Активност 1.2.1. Определување на минимум процент од Институтскиот буџет кој на годишно ниво мора да се искористи за зајакнување на квалитетот на опремата за работа.**

- Оваа активност треба да ја спроведе Институтската управа во форма на обврзувачка Одлука. Таа Одлука треба да може да се ревидира согласно можностите и потребите во следните години. Средствата за подобрување на квалитетот на опремата за работа ќе се влечат од приливите кои пристигнуваат од институтските проекти (5%).

*<u>Временски рок за имплементација</u>: јануари 2024 (со ревизии по потреба).*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Усвоена Одлука за задолжителен буџет наменет за подобрување на опремата за работа (со ревизии по потреба).*

**Активност 1.2.2. Определување на приоритети во однос на редовната набавка на опрема за работа.**

- Оваа активност треба да ја спроведе Институтската управа, односно раководителите на институтските одделенија кои треба да организираат процес на консултација со персоналот за прииритетите за набавка на опрема. Утврдените приоритети ќе бидат први за спроведување во рамки на годината, согласно финансиските можности.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: До крајот на месец јануари во секоја година од имплементација на Стратегијата.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креирани пет годишни плана со приоритети за подобрување на опремата за работа.*

**Активност 1.2.3. Задолжително алоцирање на буџетски средства за набавка на опрема во проектни апликации каде тоа е можно.**

- Оваа активност треба да ја спроведат директорот и заменик-директорот кои ќе се осигураат дека секоја проектна апликација поднесена од ИСППИ задолжително ќе предвиди и буџет за набавка на опрема (каде тоа е можно, согласно донаторските правила). Плановите креирани во Активност 1.2.2. треба да послужат како извор на информации во однос на тоа каква опрема е потребна.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Тековно, во целиот период од имплементација на Стратегијата.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Поднесени проектни апликации кои вклучуваат буџетски издатоци за набавка на опрема.*

**Активност 1.2.4. Извршување на годишниот буџет за подобрувања на опремата за работа.**

- Активноста предвидува извршување на плановите предвидени во рамки на активностите 1.2.2 со помош на средствата алоцирани во активностите 1.2.1 и 1.2.2. Одговорни за извршување на буџетот се директорот или заменик-директорот, со поддршка на дел од административната служба (секретарот, одговорното лице за јавни набавки и останати вработени).

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Еден годишен план треба да биде извршен во текот на една календарска година во текот на целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Спроведени пет годишни плана со приоритети за подобрувања во опремата за работа.*

## ЦЕЛ 1.3. Соодветно зачувување на постојната опрема во Институтот.

**Активност 1.3.1. Продолжување на праксата на редовен сервис на постојната опрема од страна на професионална компанија.**

- Оваа активност треба да ја координира директорот на ИСППИ со поддшрка од заменик-директорот и административната служба.

_Временски рок за имплементација_: *Тековно, во текот на целата имплементација на Стратегијата.*
_Индикатор за успешност_: *Воспоставени/обновени договори со професионална компанија, спроведено редовно сервисирање.*

**Активност 1.3.2. Креирање и имплементација на механизам за интерно сервисирање на институтските таблети наменети за спроведување теренски анкетни истражувања.**

- Оваа активност предвидува креирање на трочлен тим кој на годишно ниво треба да биде одговорен за спроведување на сервисот. Тимот треба да биде воспоставен од страна на Институтската управа, паралелно со комисијата одговорна за спроведување на пописот во Институтот.

_Временски рок за имплементација_: *Тековно, во текот на целата имплементација на Стратегијата, при што тимот треба да биде воспоставен не подоцна од декември (2023-2027), а сервисот да се спроведе не подоцна од јануари (2024-2028) во текот на имплементацијата на годишниот попис.*
_Индикатор за успешност_: *Воспоставени пет тима за сервисирање на таблетите, имплементирани минимум пет сервиса во текот на имплементација на Стратегијата.*

## ЦЕЛ 1.4. Обновување на бившата институтска сала за настани и адаптирање на истата за комерцијална употреба.

**Активност 1.4.1. Подготовка на потребна документација и нејзино поднесување до надлежните органи.**

- Оваа активност треба да ја координира директорот на ИСППИ со поддршка од Институтската управа и административната служба. Подготовката на документите треба да ја спроведе комисија креирана од УКИМ со претставници на Архитектонскиот, Градежниот, Машинскиот и Електротехничкиот факултет.

_Временски рок за имплементација_: *мај 2024.*
_Индикатор за успешност_: *Подготвена и поднесена документација до надлежните органи.*

**Активност 1.4.2. Обезбедување средства од УКИМ, МОН, или други извори.**

- Оваа активност треба да ја координира директорот на ИСППИ со поддшрка од Институтската управа и административната служба, а во координација со УКИМ

_Временски рок за имплементација_: *декември 2024.*
_Индикатор за успешност_: *Обезбедени средства. Спроведени лобирачки активности.*

**Активност 1.4.3. Изведување на објектот.**

- Оваа активност треба да ја координира директорот на ИСППИ со поддшрка од Институтската управа и административната служба. За изградба на објектот треба да биде ангажирана соодветна компанија.

*Временски рок за имплементација: декември 2025.*
*Индикатор за успешност: Изведен (обновен) дел од објектот на ИСППИ (сала за настани).*

**Активност 1.4.4. Определување на услови за комерцијално користење на објектот со цел генерирање средства.**

- Оваа активност треба да ја спроведе Институтската управа.

*Временски рок за имплементација: три месеци по изведувањето на објектот.*
*Индикатор за успешност: Донесена одлука за услови за комерцијално користење на објектот.*

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА*

Научно-истражувачката дејност е стожер на работата на ИСППИ. Податоците од анкетата покажуваат дека наставно-научниот кадар во најголема мера гледа на научно-истражувачката работа како своја примарна дејност, по што следат наставната и апликативната дејност. Дополнително, податоците покажуваат и дека кадарот во иднина очекува да се бави најмногу со научно-истражувачка работа. Темите од интерес кои ги има кадарот и истражувачките методи кои се употребуваат се разнолики и претставуваат силна страна на ИСППИ според СВОТ анализата.

Според институтската анкета, подигнувањето на квалитетот на истражувачката работа е приоритет за иднината за кадарот на ИСППИ со средна оценка од 4,3 на скала од од 1 („не треба да биде приоритет“) до 5 („треба да биде еден од најзначајните приоритети“). Кадарот на ИСППИ исто така високо ги вреднува и останатите приоритети поврзани со научно-истражувачката работа: учеството на меѓународни проекти е приоритет со доделена средна оценка од 4,7 а учеството во национални истражувачки проекти со 4,26.

Во изминатите децении ИСППИ загуби голем дел од буџетското финансирање за научно-истражувачка работа, но успеа и да развие соодветни капацитети за прибирање на средства преку проектни апликации до други донатори. ИСППИ, исто така, често спроведува проекти кај кои финансиските средства се ниски или непостоечки. Со оглед на тоа дека просторот за придобивање средства за научно-истражувачка работа е најширок кај компетитивните конкурси, постои потреба за континуирано зајакнување на квалитетот на проектните апликации со цел обезбедување средства за научно-истражувачка работа. Од друга страна, со оглед на фактот дека домашното буџетско финансирање на науката е скоро непостоечно, потребно е структурирано и здружено делување на засегнатите страни со цел промена на актуелните политики. ИСППИ, како засегната страна, може да одигра конструктивна улога во оваа смисла.

Во изминатите децении ИСППИ исто така загуби значаен дел од својата поранешна истражувачка инфраструктура - постојан персонал за спроведување на големи теренски истражувања и стабилна анкетарска мрежа. Немањето на соодветна логистичка поткрепа го обесхрабрува академскиот кадар од имплементација на големи теренски истражувања и следствено влијае негативно на обемот на научно-истражувачката работа во ИСППИ. Обновувањето на оваа истражувачко-логистичка инфраструктура е посакуван приоритет за кадарот: средната оценка на приоритетот „Зајакнувањето на логистичката поддршка за имплементација на проекти“ изнесува 4,07. Во оваа смисла, потребни се активности кои во следниот период ќе овозможат зајакнување на логистичките услови за научно-истражувачка дејност во ИСППИ.

ИСППИ е исто така дом на Архивот за податоци од општествените науки во Република Северна Македонија (МК-АИПОН) и една од ретките институции во земјата која

има развиено капацитети за архивирање на научни истражувања. Во моментот Архивот не е во функција поради неможноста да се обезбедат средства за редовно фунционирање на истиот. Сепак, целосното воспоставување на Архивот треба да остане цел за ИСППИ во следниот петгодишен период. Кадарот на ИСППИ на воспоставувањето на Архивот гледа како еден од приоритетите за иднината - овој приоритет има средна оценка од 4,04, додека развојот на истражувачката инфраструктура (библиотека и репозиториуми) има средна оценка од 4,07.

Во изминатите години ИСППИ даде значителен придонес за општествената наука во земјата преку првата имплементација на Европското општествено истражување во Република Северна Македонија (10-ти бран). За 11-тиот бран, Министерството за образование и наука одби да потврди средства, со што се отвора потреба за посилен ангажман во оваа смисла. Продолжувањето на учеството на ИСППИ во ЕОИ е значајно за целокупниот квалитет на научно-истражувачката работа во земјата.

Документот предвидува повеќе активности кои треба да резултираат со зголемен квалитет и обем на научно-истражувачката работа во ИСППИ по истекот на петгодишниот период. Ќе се цели да се зголеми бројот на надворешно финансирани научно-истражувачки проекти во ИСППИ (преку зајакнато информирање за повици, обуки за подготовка на проектни апликации и задолжителни апликации како дел од работните обврски), но и да се спроведе застапувачки притисок за значителни промени во буџетските издатоци за наука. Ќе се цели да се зајакне и логистичката поддршка за научни истражувања, библитечната поддршка, како и да се имплементираат активности на лобирање кон целосна операционализација на МК-АИПОН и продолжување на учеството на ИСППИ во ЕОИ. Конечно, ќе се цели и кон зајакнување на истражувачките вештини кај персоналот на ИСППИ преку креирање и имплементација на план за обуки за истражувачки методи.

## ЦЕЛ 2.1. Зголемување на бројот на надворешно финансирани научно-истражувачки проекти.

**Активност 2.1.1. Спроведување на информативни средби за претстојни повици за грантови за научно-истражувачки проекти.**

- Оваа активност треба да ја координира и организира одговорниот од Управата за научно-истражувачка работа. Минимум една таква средба треба да биде остварена во текот на секоја календарска година.

*<u>Временски рок за имплементација:</u> Една средба до крајот на календарската година во секоја година од спроведувањето на Стратегијата (2024-2028).*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Остварени минимум пет средби во периодот на целото спроведување на Стратегијата (по една во секоја календарска година).*

**Активност 2.1.2. Носење на одлука за минимум број на научно-истражувачки проекти кои треба да бидат аплицирани до надворешни донатори од страна на секој член на наставно-научниот кадар во претходно пропишан временски период.**

- Текстот на одлуката треба да биде предложен од Институтската управа, а усвоен од Научниот совет на ИСППИ, односно Институтската управа треба да го предложи точниот модалитет на обврската за аплицирање кој членовите на наставно-научниот кадар ќе треба да го следат. При креирањето на предлог-одлуката, Управата треба да постави конкретни обврски зависно од ангажманот и работниот товар на членовите на наставно-научниот кадар (на пример, лицата кои се инволвирани во долгорочни проекти можат да бидат ослободени од обврската за аплицирање во одреден временски период). Институтската управа треба понатаму да го следи исполнувањето на одлуката и да го извести Научниот совет кој потоа треба да ја усвои информацијата.

*Временски рок за имплементација: март 2024.*
*Индикатор за успешност: Усвоена Одлука за задолжителен број на аплицирани проекти валидна за секој член на наставно-научниот кадар во однапред определен временски период.*

**Активност 2.1.3. Креирање и имплементација на план за обуки за дизајнирање на проекти и менаџмент на проектни циклуси наменет за персоналот на ИСППИ.**

- Оваа активност треба да ја координира одговорниот од Управата за научно-истражувачка работа во консултација со наставно-научниот и административниот кадар на ИСППИ. Планот и обуките кои ќе се имплементираат треба да бидат консултирани со кадарот со цел да се разработи програма која ќе ги адресира специфичните потреби на научно-наставниот и административниот кадар, како и потребите на помладите наспроти поискусните колеги. Обуките ќе бидат спроведени од поискусните членови на кадарот на ИСППИ, согласно тематските области кои ќе се обработуваат и индивидуалната експертиза.

*Временски рок за имплементација: Планот треба да биде донесесен до јуни 2024, а имплементиран до јуни 2025.*
*Индикатор за успешност: Усвоен и имплементиран план за обуки за аплицирање на проекти.*

## ЦЕЛ 2.2. Креирање и имплементација на план за лобирање до надлежните институции и донесувачи на одлуки за промени во политиките на финансирање на науката во насока на одделување повеќе средства.

**Активност 2.2.1. Креирање на план за лобирање.**

- Оваа активност треба да ја координира посебно тело воспоставено од страна на членовите на Научниот совет во кој ќе членуваат минимум три члена од истиот совет. Назначеното тело ќе има за цел да разработи застапувачка стратегија која ќе се темели на соработка со другите засегнати страни во јавната политика за наука, а особено во соработка со Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

*Временски рок за имплементација: Тимот треба да биде воспоставен најдоцна до март 2024 година, а планот за лобирање треба да биде креиран до три месеци по воспостувањето на тимот.*
*Индикатор за успешност: Креиран план за лобирање до надлежните институции и донесувачи на одлуки за промени во политиките на финансирање на науката во насока на одделување повеќе средства.*

**Активност 2.2.2. Реализација на планот за лобирање.**

- Реализацијата на планот за лобирање треба да биде остварена од страна на Институтската управа, а во самата имплементација треба да учествува целиот персонал на ИСППИ, согласно потребите и можностите.

*Временски рок за имплементација: Тековно, во целиот период на имплементација на Стратегијата, по подготвувањето на планот од Активност 2.2.1.*
*Индикатор за успешност: Реализиран план за лобирање до надлежните институции и донесувачи на одлуки за промени во политиките на финансирање на науката во насока на одделување повеќе средства.*

## ЦЕЛ 2.3. Зајакнување на истражувачката инфраструктура во ИСППИ.

**Активност 2.3.1. Пополнување на испразнетото работното место Советник за наука и настава.**

- Оваа активност треба да биде координирана од директорот со поддршка од Институтската управа и административната служба.

*Временски рок за имплементација: Тековно, во целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Испратени барања до надлежните институции за пополнување на испразнетото место Советник за наука.*

**Активност 2.3.2. Назначување на персонал задолжен за логистичка поддршка при имплементација на истражувања во случај на потреба (зголемен обем на работа во врска со имплементацијата на научно-истражувачки проекти).**

- Оваа активност треба да биде координирана од директорот со поддршка од Институтската управа.

*Временски рок за имплементација: Тековно, во целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Назначен персонал во случај на зголемен обем на научно-истражувачка работа.*

**Активност 2.3.3. Пополнување на испразнето место Библиотекар.**

- Оваа активност треба да биде координирана од директорот со поддршка од Институтската управа и административната служба.

*Временски рок за имплементација: Во текот на целата имплементација на Стратегијата, со почеток во мај 2024 кога местото Бибилотекар ќе се испразни.*
*Индикатор за успешност: Испратени барања до надлежните институции за пополнување на испразнетото место Библиотекар.*

**Активност 2.3.4. Креирање на евиденциски документ кој се однесува на членовите на анкетарската мрежа на ИСППИ.**

- Оваа активност треба да биде имплементирана од Советникот за настава и наука.

*Временски рок за имплементација: Документот треба да биде креиран до месец март 2024 година и ажуриран во следните години согласно потребите.*
*Индикатор за успешност: Креиран евиденциски документ за анкетарската мрежа на ИСППИ.*

## ЦЕЛ 2.4. Операционализација на МК-АИПОН.

**Активност 2.4.1. Структуирано лобирање за обезбедување средства со цел започнување со работа на архивот за податоци од општествените науки (МК-АИПОН) воспоставен во рамки на проеките на ЦЕССДА.**

- Оваа активност треба да ја координира тимот составен во активноста 2.2.1, во соработка со координаторот на активности за воспоставување на МК-АИПОН. Планот предвиден со активноста 2.2.1 треба да вклучува и чекори кои ќе предвидат лобирање за целосна операционализаја на МК-АИПОН.

*Временски рок за имплементација: Тимот треба да биде воспоставен најдоцна до март 2024 година, а планот за лобирање треба да биде креиран до три месеци по воспостувањето на тимот*
*Индикатор за успешност: Креиран и имплементиран план за лобирање за МК-АИПОН кој ќе биде составен дел од поширокиот план за лобирање на ИСППИ за зајакнување на средствата за научно-истражувачка работа во земјата.*

**Активност 2.4.2. Понатамошно активно учество во проекти и активности на ЦЕССДА.**

- Оваа активност треба да ја координира одговорното лице од Управата за наука во соработка со координаторот на активности за воспоставување на МК-АИПОН.

*Временски рок за имплементација: Тековна имплементација.*
*Индикатор за успешност: Учество на ИСППИ во проекти и активности на ЦЕССДА.*

**Активност 2.4.3. Понатамошна имплементација на проекти за отворена наука.**

- Оваа активност треба да ја координира одговорното лице од Управата за наука во соработка со координаторот на активности за воспоставување на МК-АИПОН.

*Временски рок за имплементација: Тековна имплементација.*

*<u>Индикатор за успешност</u>: Спроведени барем два проекти во тематската област „Отворена наука“ во текот на целиот период на спроведување на Стратегијата.*

**Активност 2.4.4. Понатамошна развој на соработката со чинителите во полето отворена наука во земјата.**

- Оваа активност треба да ја координира координаторот на активности за воспоставување на МК-АИПОН во консултација со директорот и заменик-директорот.

*<u>Временски рок за имплементација:</u> Тековна имплементација.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Соработка со други чинители во полето отворена наука.*

## ЦЕЛ 2.5. Продолжување на учеството на ИСППИ во Европското општествено истражување (ЕОИ).

**Активност 2.5.1. Структуирано лобирање за обезбедување средства со цел продолжување на учеството на ИСППИ во ЕОИ.**

- Оваа активност треба да ја координира тимот составен во активноста 2.2.1, во соработка со назначениот национален координатор за ЕОИ во Република Северна Македонија. Планот предвиден со активноста 2.2.1 треба да вклучува и чекори кои ќе предвидат лобирање во насока на продолжување на учеството на ИСППИ во ЕОИ.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Тимот треба да биде воспоставен најдоцна до март 2024 година, а планот за лобирање треба да биде креиран до три месеци по воспостувањето на тимот*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креиран и имплементиран план за лобирање за ЕОИ кој ќе биде составен дел од поширокиот план за лобирање на ИСППИ за зајакнување на средствата за научно-истражувачка работа во земјата.*

**Активност 2.5.2. Понатамошно активно учество во проекти и активности на Мрежата на ЕОИ за Западен Балкан, како и во активности организирани од централата на ЕОИ.**

- Оваа активност треба да ја координира одговорното лице од Управата за наука во соработка со Националниот координатор на ЕОИ.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Тековна имплементација.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Учество на ИСППИ во активности поврзани со ЕОИ.*

## ЦЕЛ 2.6. Зајакнување на вештините и знаењата за научни истражувања кај научно-истражувачкиот кадар.

**Активност 2.6.1. Креирање и имплементација на годишни планови за обуки за истражувачки методи и дополнителни истражувачки алатки (вклучително и алатки за управување со податоци).**

- Оваа активност треба да ја координира одговорниот за наука во Управата во консултација со наставно-научниот и административниот кадар на ИСППИ. Планот и обуките кои ќе се имплементираат треба да бидат консултирани со кадарот со цел да се разработи програма која ќе ги адресира специфичните потреби на индивидуалните членови на научно-наставниот кадар. Обуките ќе бидат спроведени од поискусните членови на кадарот на ИСППИ, согласно тематските области кои ќе се обработуваат и индивидуалната експертиза, или од надворешни експерти согласно можностите. Планот може да вклучува и обуки кои ги организираат други надворешни субјекти.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Планот треба да биде донесесен до месец август во секоја од годините на имплементација на Стратегијата, а имплементиран во периодот септември - јуни секоја година.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Усвоени и имплементирани пет план за обуки за истражувачки методи.*

## ЦЕЛ 2.7. Зајакнување на документирањето на емпириските истражувања имплементирани од ИСППИ.

### Активност 2.7.1. Креирање на соодветна документација за минатите истражувања на ИСППИ.

- Оваа активност треба да ја координираат одговорниот за наука во Управата и координаторот на активности за воспоставување на МК-АИПОН, додека задолжен за имплементацијата треба да биде Советникот за наука и настава со подршка од асистентите. Во рамки на оваа активност, треба да се документираат истражувачки проекти (во согласност со стандардите на ЦЕССДА) кои во минатото се спроведени од ИСППИ. Селекцијата на истражувањата кои ќе се документираат треба да биде извршена по консултација меѓу одговорниот за наука во Управата, раководителите на одделенијата и координаторот на активности за воспоставување на МК-АИПОН, по претходен преглед на веќедостапната документација.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Минимум пет минати истражувања на ИСППИ треба да бидат целосно документирани до крајот на 2024 година. Оваа динамика може да се ревидира во следните години, согласно проценките на двајцата координатори.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Документирани барем пет истражувања на ИСППИ во 2024 година. Документирани повеќе истражувања во следните години.*

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 3. НАСТАВА*

Наставната дејност е следен важен аспект од работата на ИСППИ. Во моментот, Институтот нуди студиски програми од втор и трет циклус студии по политички науки, социологија, менаџмент на човечки ресурси и комуникации. ИСППИ, исто така, учествува во една меѓународна програма од политички науки - ПОСИГ. Сепак, бројот на студенти е на изразено ниско ниво во споредба со минатите децении.

Малиот број на студенти и особено намалениот интерес за студирање во последните години беа посочени како клучни проблеми од страна на персоналот во СВОТ анализите. Привлекувањето на студенти е посакуван приоритет за кадарот - за овој приоритет беше доделена средна оценка од 4.15 на скала од 1 („не треба да биде приоритет“) до 5 („треба да биде еден од најзначајните приоритети“) во рамки на анкетата.

Во анкетата, квалитетот на студиските програми и наставата се оценети со средна оценка од 3.5 и 3.55 на скала од 1 („квалитетот е недоволен“) до 5 („квалитетот е доволен“). Сепак, реформирањето на студиските програми и подигнувањето на квалитетот на наставата се меѓу приоритетите кои имаат најниска посакуваност за имплементација кај кадарот на ИСППИ со средни оценки на посакуваност од 3,52 и 3,62 соодветно. Дел од кадарот на ИСППИ ја истакна и важноста од креирање студиски програми на англиски јазик како приоритет за иднината, а друг дел предлага воспоставување на курсеви од неформално образование (овој приоритет доби средна оценка од 3,68 во анкетата). Одредени членови на кадарот предлагаат и зајакнување на алумни-мрежата како начин преку кој ИСППИ може да ја зајакне својата видливост во однос на образовната дејност. Кадарот поддржува и воведување на програма за јавни предавања од домашни и странски научници експерти (средната оценка за посакуваноста на овој приоритет изнесува 3,96 во внатрешната анкета).

Оваа Стратегија предвидува активности кои целат кон зголемување на бројот на студенти, задржување на актуелноста на студиските програми, понатамошно учество на ИСППИ во меѓународни студиски програми, воведување на курсеви од неформално образование, реактивирање на алумни-мрежата составена од поранешни студенти и проширување на образовната улога на ИСППИ преку организирање на јавни предавања од странски и домашни универзитетски професори, академски истражувачи и експерти.

### ЦЕЛ 3.1. Зголемување на бројот на студенти.

**Активност 3.1.1. Продолжување на скоро-воспоставената пракса на професионален маркетинг на студиите на ИСППИ.**

- Оваа активност треба да ја координира одговорниот од Управата за настава со поддршка од раководителите на студиумите и административната служба. За креирање и спроведување на маркетинг-кампањата треба да биде ангажирана соодветна компанија.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Два пати годишно во текот на имплементацијата на Стратегијата во периодот на уписите (2024-2028).*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Десет спроведени кампањи за привлекување на студенти во ИСППИ.*

**Активност 3.1.2. Креирање на тим во ИСППИ (со членови од секоја студиска програма) кој ќе разработи детални и атрактивни описи за студиските програми кои ќе се искористат во кампањата предвидена со Активноста 3.1.1.**

- Оваа активност треба да ја координира Институтската управа која и ќе го воспостави тимот на годишно ниво, во консултација со раководителите на студиумите. Првиот состав на тимот ќе ги креира описите, а подоцнежните состави ќе ја проценат потребата од нивна ревизија и ќе делуваат соодветно. Тимот сам ќе определи еден од своите членови како раководител за креирање на описите.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Еднаш годишно во текот на имплементацијата на Стратегијата во периодот април-мај (2024-2028).*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креирани пет тима задолжени за креирање на атрактивни описи за студиските програми.*

**Активност 3.1.3. Продолжување на неодмна воведената пракса за доделување на стипендии на студиите од втор циклус и јавна промоција на стипендиската програма на ИСППИ.**

- Институската управа треба да се заложи за продолжување на неодамна воведената пракса за стипендирање. Маркетингот за стипендиите треба да биде координиран од одговорниот од Управата за настава со подршка од раководителите на студиумите и административната служба. Промоцијата на стипендиската програма треба да се случи во рамки на активноста 3.1.1.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Два пати годишно во текот на имплементацијата на Стратегијата во периодот на уписите (2024-2028).*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Десет спроведени кампањи со акцент на стипендиската програма на ИСППИ.*

**Активност 3.1.4. Иницирање на договори/партнерства со правни субјекти чии вработени би имале интерес за студирање во ИСППИ (приватни компании, тинк-тенкови кои работат во областите од јавна политика, јавни институции). Договорите би овозможиле повластена цена за студирање на вработените во тие компании во замена за промоција на студиските програми на ИСППИ од страна на менаџментот во правните субјекти.**

- Предлогот за воспоставување на таква треба да дојде од колегиумите на студиските програми а информацијата треба да се сподели со Научниот совет, кој треба да ја усвои пред да се пристапи кон склучување на меморандуми за соработка.

Повластената стапка која ќе им се додели на инфолвираните правни субјекти треба да биде определена од Институтската управа.

<u>Временски рок за имплементација</u>: *Тековно, со почеток од 2025 година. Одлуката за повластената стапка треба да се донесе до крајот на 2024 година.*
<u>Индикатор за успешност</u>: *Инициран барем еден таков договор годишно за секоја студиска програма во периодот 2025-2028. Иницирани барем четири такви договори од студиска програма за целиот период 2025-2028.*

### ЦЕЛ 3.2. Задржување на актуелноста на студиските програми.

**Активност 3.2.1. Креирање и спроведување на механизам за следење на квалитетот на студиските програми преку споредување со други студиски програми на врвните светски универзитети.**

- Оваа активност треба да биде координирана од со раководителите на студиските програми. Активноста предвидува споредба на курикулумот за секоја студиска програма со барем три други курикулума од врвни светски универзитети. Заклучоците треба да послужат за унапредување на студиските програми во ИСППИ. Овој процес треба да се спроведе пред започнувањето на акредитацијата на секоја студиска програма, а информацијата од споредбената анализа да биде презентирана пред Научниот совет при почетокот на постапката за реакредитација.

<u>Временски рок за имплементација</u>: *Во текот на целиот период на имплементација на Стратегијата и зависно од термините за реакредитација.*
<u>Индикатор за успешност</u>: *Креиран барем еден извештај со споредбени заклучоци за секоја од студиските програми на сите циклуси достапни на ИСППИ.*

### ЦЕЛ 3.3. Понатамошно учество на ИСППИ во меѓународни студиски програми.

**Активност 3.3.1. Продлабочување на меѓународната соработка на ИСППИ преку програмата ПОСИГ.**

- Оваа активност треба да биде координирана од одговорниот за настава од Управата и координаторот во ИСППИ за ПОСИГ.

<u>Временски рок за имплементација</u>: *Тековно, во целиот период на спроведување на Стратегијата.*
<u>Индикатор за успешност</u>: *Продолжена соработка во рамки на ПОСИГ* пред истекот на Стратегијата.

**Активност 3.3.2. Иницирање на меѓународни студиски програми во областите кои работи ИСППИ а кои не се меѓународно вмрежени.**

- Оваа активност треба да биде координирана од одговорниот за настава во Управата на ИСППИ и еден од координаторите на студиските програми, согласно интересот и условите.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: тековно.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Вклучување во барем еден меѓународен конзорциум (студиска програма) во оние области од работа на ИСППИ кои досега не се вклучени (социологија, менаџмент на човечки ресурси, комуникации).*

## ЦЕЛ 3.4. Проширување на образовната улога на ИСППИ преку креирање понуда од неформално образование.

**Активност 3.4.1. Активирање на програмата за курсеви за неформално образование.**

- Оваа активност треба да биде иницирана од раководителите на одделенијата и предвидува дискусии на ниво на одделение кои треба да резултираат со став дали вакви курсеви треба да се понудат, како и со цел да се идентификуваат области кај кои ИСППИ би можел да имплементира неформално образование.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Одделенските дискусии поврзани со оваа активност треба да се случат најдоцна до јуни 2024 година.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Организирана барем една дискусија во секое одделение.*

**Активност 3.4.2. Определување на задолжителен рок од кој елаборатите за курсеви од неформално образование треба да бидат доставени до Научниот совет.**

- Оваа активност треба да биде имплементирана од Институтската управа која ќе утврди задолжителен краен рок до кој елаборати можат да се доставаат, по добивањето на информација за резултатите од дискусиите во 3.4.1. Елаборатите понатаму треба да се доставаат до Центарот за образование на возрасни за официјална акредитација.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Одлуката треба да се донесе најдоцна до јуни 2024 година.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Донесена одлука за задолжителен док за доставување елаборати.*

## ЦЕЛ 3.5. Зајакнување на врската меѓу поранешните студенти и ИСППИ.

**Активност 3.5.1. Креирање на регистар на поранешни студенти со нивни адреси за е-пошта.**

- Оваа активност треба да биде координирана од одговорниот за Центарот за кариера во ИСППИ со поддршка на административната служба. Регистарот треба да ги содржи имињата на студентите, насоките, темите на трудовите, менторите и периодот на учество во образовниот процес.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Декември 2024.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креиран регистар на поранешни студенти.*

**Активност 3.5.2. Креирање на секција на веб-страницата на ИСППИ каде ќе биде застапен регистарот на поранешни студенти**

- Оваа активност треба да биде координирана од директорот и заменик-директорот, а имплементирана од членови на административниот кадар.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Декември 2025.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креирана посебна секција на веб-страницата на ИСППИ.*

**Активност 3.5.3. Вклучување на членовите на алумни-мрежата во активности на ИСППИ.**

- Оваа активност треба да биде имплементирана од членовите на кадарот кои ќе раководат активност во ИСППИ. Членовите на алумни-мрежата можат да бидат поканети во различни капацитети на активностите на ИСППИ.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: До декември 2026.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Учества на членови на алумни-мрежата во јавни настани организирани од ИСППИ.*

## ЦЕЛ 3.6. Проширување на образовната улога на ИСППИ преку организација на јавни предавања од домашни и странски експерти.

**Активност 3.6.1. Креирање на годишен план за јавни предавања.**

- Оваа активност треба да биде координирана од Управата во консултација со одделенијата на ИСППИ. Раководителите на одделенијата треба да ги координираат внатрешните дискусии во одделенијата кои ќе ги определат темите и говорниците на јавните предавања. Говорниците можат да бидат колеги научници но и експерти-практичари. Целта е да се организира по едно такво предавање во рамки на две години за секоја од моменталните носечките области на ИСППИ (социологија, политички науки, правни науки, комуникологија и организациски науки). По реализацијата на дискусиите, раководителите треба да обезбедат информации до Управата која треба да го утврди годишниот план за јавни предавања.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Првиот план за јавни предавања треба да биде финализиран до декември 2024 и да се однесува за годината 2025. Понатаму, секој план треба да биде усвоен не подоцна од декември во соодветната година (2025, 2026, 2027), а да се однесува на следната година.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креирани четири плана за јавни предавања организирани од ИСППИ.*

**Активност 3.6.2. Имплементација на годишните планови за јавни предавања.**

- Оваа активност треба да биде координирана од раководителите на одделенијата со поддршка на членовите на одделенијата и административната служба. Секое одделение ќе треба да организира јавно предавање во областите кои ги покрива, а кои се дел од основната работа на ИСППИ. Одделенијата можат да побараат финансиски средства со цел имплементација на предавањата, доколку е потребно. За овие барања одлучува Институтската управа.

*Временски рок за имплементација: Јавни предавања треба да бидат спроведени во секоја година од имплементација на стратегијата, почнувајќи со годината 2025.*
*Индикатор за успешност: Организирани вкупно 10 јавни предавања во периодот 2025-2028, по две од социологија, политички науки, правни науки, комуникации и менаџмент на човечки ресурси (по едно предавање од секоја област во текот на две години, две предавања вкупно во период од четири години).*

## ЦЕЛ 3.7. Вклучување на кадарот (особено помладиот) во предавања од прв циклус студии.

### Активност 3.7.1. Спроведување на средби со раководни лица во единиците на УКИМ кои имплементираат програми од прв циклус студии.

- Оваа активност треба да биде координирана од директорот на ИСППИ, а нејзиното спроведување првично зависи од интересот кај наставниот кадар за учество во прв циклус студии. Секој заинтересиран член на кадарот треба да идентификува предметни програми кај другите единици на УКИМ кои би можел да ги покрие и таа информација да ја достави до директорот кој потоа ќе оствари контакт со соодветните единици со цел барање за вклучување.

*Временски рок за имплементација: Тековно, при што членовите на наставниот кадар на ИСППИ кои сакаат да се вклучат на прв циклус студии треба да го известат директорот за своите намери не подоцна од јуни секоја календарска година.*
*Индикатор за успешност: Поднесени барања за вклучување во прв циклус студии, остварени контакти со одговорни раководни лица со цел дискусија за можностите за вклучување.*

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 4. КАДАР И РАБОТНА АТМОСФЕРА*

СВОТ анализата откри дека една од главните силни страни на ИСППИ е токму кадровскиот потенцијал. Кадарот на ИСППИ предничи со експертиза во своите области, е соодветен според бројност и претставува мешавина од главно искусни професори со помалку искусни колеги. Во изминатите години, ИСППИ презема чекори за подмладување на својот кадар, но постојаните слабости поврзани со бројните ограничувања во однос на ангажирање на нов кадар продолжуваат да претставуваат проблем за редовното функционирање на Институтот. Дополнувања на административниот кадар се несомнен приоритет во годините кои доаѓаат - особено за позициите генерален секретар, референт за студентски прашања и советник за наука и образование.

Постои простор и за подобрување на квалитетот на внатрешната комуникација и соработка (колегијалноста) - квалитетот на овие две пракси беше оценет со средни оценки од 2.93 и 3.07 соодветно, на 1-5 скала. Отвореноста за споделување информации од раководниот кадар со останатите вработени беше пак оценета со средна оценка од 3.74 (на скала од 1 до 5). Подигнувањето на работната атмосфера беше оценето како значаен приоритет за иднината од страна на кадарот на ИСППИ: овој приоритет доби висока средна оценка од 4,19 на 1-5 скала.

### ЦЕЛ 4.1. Пополнување на слободните места во систематизацијата на ИСППИ.

**Активност 4.1.1. Преземање чекори за унапредување на Правникот во ИСППИ на позицијата Секретар.**

- Оваа активност треба да ја координира директорот на ИСППИ со поддршка од административната служба.

*Временски рок за имплементација: Тековно во целата имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Испратени барања до надлежните институции.*

**Активност 4.1.2. Преземање чекори за популнување на испразнетите позиции во систематизацијата на ИСППИ: Советник за наука и настава (предвидено и со активност 2.3.1), Библиотекар (предвидено и со активност 2.3.2), како и позицијата Референт за студентски прашања.**

- Оваа активност треба да ја координира директорот на ИСППИ со поддршка од административната служба.

*Временски рок за имплементација: Тековно во целата имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Испратени барања до надлежните институции.*

## ЦЕЛ 4.2. Зајакнување на квалитетот на комуникацијата меѓу кадарот.

**Активност 4.2.1. Воведување на механизам - интерни средби за споделување на знаења.**

- Оваа активност предвидува внатрешни средби на кои членови на кадарот на ИСППИ ќе ги презентираат своите тековни истражувања со цел да добијат фидбек од своите колеги. Таквите средби треба да ја зајакнат професионалната комуникација меѓу кадарот. Форматот на средбите би бил во форма на излагање со сесија за прашања и одговори. Активноста треба да ја координираат раководителите на одделенијата во консултација со наставно-научниот кадар.

*Временски рок за имплементација: Креирање на првичен план за средби до декември 2024 година.*
*Индикатор за успешност: Спроведени минимум две средби во рамки на една календарска година во текот на целиот период на имплементација на Стратегијата.*

**Активност 4.2.2. Воведување на механизам – кратки индивидуални презентации за тековната работа во текот на седниците на Научниот совет.**

- Оваа активност предвидува кратки индивидуални презентации (до пет минути) за тековната работа на наставно-научниот кадар во ИСППИ. Секој член на кадарот треба да направи една таква презентација во текот на годината. Кратките презентации ќе се одвиваат во текот на редовните седници на Научниот совет на ИСППИ. Претседавачот на Советот ќе го утврди редоследот по кој ќе се реализираат кратките презентации.

*Временски рок за имплементација: Од јануари 2024.*
*Индикатор за успешност: Спроведена една куса презентација од секој член на наставно-научниот кадар во рамки на една календарска година, за целиот период на имплементација на Стратегијата.*

**Активност 4.2.3. Организација на заеднички неформални активности на кадарот на ИСППИ.**

- Оваа активност предвидува заеднички неформални активности во форма на дружење, општествено корисна работа, работа на уредување на објектот на ИСППИ, и сл. Имплементацијата на активноста ќе биде координирана од Управата.

*Временски рок за имплементација: Од јануари 2024.*
*Индикатор за успешност: Спроведени две неформални активности во рамки на една календарска година, вкупно 10 во целата имплементација на Стратегијата.*

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 5. ИЗДАВАШТВО*

ИСППИ има децениска издавачка традиција на научна литература. Сепак, според перцепциите присутни во институтската анкета, издавачката дејност во моментот е погодена од одредени слабости. Квалитетот на публикациите на ИСППИ е проценет со средна оценка од 3,38 а тој на Годишникот со 2,67 на скала од 1 („квалитетот е недоволен") до 5 („квалитетот е одличен"). Истовремено, подигнувањето на квалитетот на Годишникот е еден од најпосакуваните приоритети за кадарот на ИСППИ (според анкетата овој приоритет добива средна оценка од 4.22). Дополнително, високо мнозинство од Институтскиот кадар би сакал да објавува повеќе авторски книги (85,7%) а нешто над половина сакаат да објавуваат повеќе уредени монографии (52,6%).

Овој документ предлага активности кои целат кон подигање на квалитетот на Годишникот и негова регистрација во базата на ЕБСКО, како и активности кои треба да го динамизирааат издаваштвото на ИСППИ во насока на објавување на повеќе авторски книги и уредени монографии.

### ЦЕЛ 5.1. Регистрирање на Годишникот на ИСППИ во базата на ЕБСКО.

**Активност 5.1.1. Подготовка на план-чеклиста за промени кои треба да се имплементираат со цел да се запазат барањата на ЕБСКО.**

- Оваа активност треба да ја координираат директорот и заменик-директорот во соработка со секретарите на Годишникот.

*Временски рок за имплементација: Март 2024.*
*Индикатор за успешност: Креирана чек-листа.*

**Активност 5.1.2. Имплементирање на планираните промени.**

- Оваа активност треба да ја координираат директорот и заменик-директорот во соработка со на Годишникот.

*Временски рок за имплементација: Септември 2024.*
*Индикатор за успешност: Имплементирани промени за следното издание на Годишникот.*

**Активност 5.1.3. Поднесување на барање за регистрирање на годишникот во ЕБСКО.**

- Оваа активност треба да ја координираат директорот и заменик-директорот во соработка со на Годишникот.

*Временски рок за имплементација: Септември 2027.*
*Индикатор за успешност: Поднесено барање за регистрација во ЕБСКО.*

**ЦЕЛ 5.2. Зајакнување на издавачката дејност на ИСППИ преку зголемувањето на бројот на објавени научни публикации.**

**Активност 5.2.1. Носење на одлука која ќе определи услови под кои ИСППИ ќе поддржи објавување на научни публикации (книги, монографии, учебници, и сл.) за припадниците на наставно-научниот кадар и која ќе ги специфицира критериумите за објавување и поддржаните формати.**

- Одлуката треба да ја донесе Институтската управа.

*Временски рок за имплементација: септември 2024.*
*Индикатор за успешност: Донесена Одлука која ќе ја регулира поддршката за издавање на публикации во ИСППИ.*

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 6. ВИДЛИВОСТ*

Видливоста на ИСППИ беше посочена како значајна слабост во СВОТ анализата и во спроведената анкета меѓу кадарот на ИСППИ. Кадарот на ИСППИ е само со просечна оценка од 2,4 задоволен од медиумската покриеност на својата истражувачка работа и со исклучително ниски 1,4 во однос на задоволството од искористеноста на истражувачката работа од државните институции (скала од 1 „Воопшто не сум задоволен" до 5 „Целосно сум задоволен"). Воедно, кадарот на ИСППИ смета дека подобрувањето на видливоста на истражувањата на ИСППИ е еден од најзначајните приоритети (средна оценка од 4,48), како и унапредувањето на веб-страницата (4,56), додека самиот моментален квалитет на веб-страницата е проценет со ниски 1,86.

Кадарот смета и дека соработката меѓу ИСППИ и медиумите е на просечно ниво од 2,68 и дека е пониска од таа со граѓанските организации (2,82) на скала од 1 „Соработката е непостоечка" до 5 „Соработката е голема".

Стратегијата предвидува повеќе активности кои целат кон зајакнување на видливоста на ИСППИ кој јавноста, чинителите во креирањето на јавните политики и академската заедница. Исто така, се предвидува активност во насока на зајакнување на следењето на видливоста на ИСППИ. Последното има двојна функција: да послужи за евалуација на видливоста на ИСППИ, но и да делува кон зачувување на меморијата за работата на Институтот.

### ЦЕЛ 6.1. Зајакнување на видливоста на ИСППИ кон јавноста и академската заедница.

**Активност 6.1.1. Креирање на план/процедура за објави на социјални мрежи и на веб-страницата на ИСППИ, имплементирана од задолжени членови на персоналот.**

- Оваа активност предвидува креирање на процедура за навремено објавување на горенаведените канали, формирање на тим задолжен за објавувањето и инволвирање на членовите на персоналот кои се засегнати од објавата Процедурата и членовите на тимот треба да бидат утврдени од Институтската управа.

*Временски рок за имплементација: Јуни 2024.*
*Индикатор за успешност: Воспоставена процерура за објави на социјалните мрежи и веб-страницата на ИСППИ.*

**Активност 6.1.2. Воведување на годишен буџет за објави на социјалните мрежи.**

- Годишниот буџет треба да биде определен од Институтската управ и треба да биде ставен на целосно располаѓање на тимот оформен со Активноста 6.1.1.

*Временски рок за имплементација: Секој месец декември во периодот 2025-2028.*

*<u>Индикатор за успешност</u>: Донесени четири годишни планови за средства за објави на социјалните мрежи.*

**Активност 6.1.3. Носење на насоки за задолжително креирање на концизни и јасни пораки од истражувачките наоди (за секој проект во кој се инволвирани вработените во ИСППИ).**

- Насоките треба да бидат донесени од Институтската управа. Креираните пораки ќе послужат како содржина преку која ИСППИ ќе биде присутен во јавната сфера.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Јуни 2024.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Донесени насоки за креирање на концизни и јасни пораки од истражувачките наоди.*

**Активност 6.1.4. Креирање на план за присуство на ИСППИ на академските социјални мрежи, Researchgate, Academia.edu, како и на Google Scholar и ORCID.**

- Активноста треба да биде координирана од одговорниот за наука во Управата на ИСППИ и во соработка со тимот креиран со Активноста 6.1.1.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: Декември 2025.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Креиран план за присуство на ИСППИ на академските социјални мрежи и портали.*

**Активност 6.1.5. Превод на веб-страницата на ИСППИ на англиски.**

- Активноста треба да биде координирана од директорот и заменик-директорот во соработка со тимот креиран со Активноста 6.1.1. За спроведување на преводот може дополнително да се најми соодветно лице, согласно воочена потреба и можности.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: До декември 2024.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Преведена веб-страница на ИСППИ на англиски.*

**Активност 6.1.6. Поставување на посебен дел на веб-страницата на ИСППИ наменет за авторски блогови/коментари за општествените случувања на членовите на наставно-научниот кадар.**

- Активноста треба да биде координирана од директорот и заменик-директорот во соработка со тимот креиран со Активноста 6.1.1. Пред поставувањето на посебниот дел од страницата, членовите на наставно-научниот кадар треба да бидат информирани за можноста.

*<u>Временски рок за имплементација</u>: До декември 2025.*
*<u>Индикатор за успешност</u>: Поставен посебен дел на веб-страницата на ИСППИ наменет за авторски блогови/коментари за општествените случувања.*

**Активност 6.1.7. Ажурирање на E-CRIS профилите на истражувачите на ИСППИ.**

- Активноста треба да биде имплементирана од библиотекарот на ИСППИ или од друго лице назначено од Институтската управа, доколку местото на библиотекар е испразнето. Имплементацијата на активноста треба да се следи од одговорниот за наука во Институтската управа.

*Временски рок за имплементација: Тековно, до месец септември во секоја година од имплементацијата на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Спроведени пет процеси на ажурирање на E-CRIS профилите.*

### ЦЕЛ 6.2. Зајакнување на следењето на видливоста на ИСППИ.

**Активност 6.2.1. Носење на насоки за следење на видливоста на ИСППИ во јавната сфера и имплементација.**

- Насоките треба да бидат донесени од Институтската управа и понатаму имплементирани со тимот воспоставен со активноста 6.1.1.

*Временски рок за имплементација: Февруари 2026.*
*Индикатор за успешност: Донесени насоки за зајакнување на следењето на видливоста на ИСППИ.*

## *ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА*

Кадарот на ИСППИ гледа потреба од зајакнување на соработката меѓу ИСППИ и меѓународните академски чинители, како универзитетите од Западен Балкан (сегашно ниво на соработка на средна оценка од 2,73 на 1-5 скала) и универзитетите од Европа (2,61). Меѓународната соработка е еден и од приоритетите за иднината според кадарот на ИСППИ: вмрежувањето со академски институции од странство е оценето како посакуван приоритет со средна оценка од 4,48 ан 1-5 скала, а понатамошното учество во меѓународни проекти со 4,7.

ИСППИ има солидна позадина во меѓународната соработка - Институтот е иницијатор на повеќе Еразмус+ билатерално договори за соработка на УКИМ со странски универзитети и активно учествува во мрежите на ЦЕССДА, ЕОИ, ЕУМАСС, како и во меѓународната програма за политички науки ПОСИГ. Од крајот на 2023, ИСППИ ќе учествува во меѓународен конзорциум кој ќе цели да вклучи повеќе универзитети во ПОСИГ.

Оваа Стратегија предвидува повеќе активности поврзани со зајакнување на меѓународната соработка, но некои од нив се однесуваат на претходните тематски целини и иако го допираат меѓународното присуство на ИСППИ се поместени во соодветните теми. Така, во тематска област Научно-истражувачка работа се предвидува понатамошно учество на ИСППИ во ЕОИ и ЦЕССДА (види цели 2.4. и 2.5.), додека во тематската област Настава се предвидува понатамошно учество на ИСППИ во меѓународни студиски програми (Цел 3.3.), како и вклучување на странски колеги во јавните предавања на ИСППИ (Цел 3.6.). Со оглед на тоа што конкретни активности кои го допираат меѓународното присуство на ИСППИ се веќе понудени во другите тематски целини, во овој дел истите се реафирмираат.

**ЦЕЛ 7.1. Продлабочување на меѓународната соработка на ИСППИ преку проектите во кои Институтот е веќе вклучен (ЦЕССДА, ПОСИГ, Еразмус+ билатерални договори, ЕОИ мрежа на Западен Балкан, ЕУМАСС).**

**Активност 7.1.1. Следење на меѓународната вклученост на ИСППИ и редовно информирање за динамиката до Институтската управа и Научниот совет.**

- Оваа активност треба да биде имплементирана од одговорниот за меѓународна соработка во Управата на ИСППИ, кој е должен да ги обезбеди сите релевантни информации и да ги пренесе во форма на оценка на меѓународното присуство на ИСППИ во рамки на календарска година.

<u>Временски рок за имплементација</u>*: Информацијата треба да биде доставена до Управата и Научниот совет во текот на декемвриските седници, во секоја година од спроведување на Стратегијата.*

*Индикатор за успешност: Доставени пет информации за меѓународната вклученост на ИСППИ до Управата и Научниот совет.*

**ЦЕЛ 7.2. Вклучување во нови меѓународни проекти, активности и организации.**

**Активност 7.2.1. Искористување на евентуалните можности за отпочнување на нови меѓународни соработки.**

- Оваа активност треба да биде имплементирана од страна на секој член од наставно-научниот кадар, со поддршка на одговорниот од Управата за меѓународна соработка.

*Временски рок за имплементација: Тековно, во целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Отпочнати нови меѓународни соработки во периодот на имплементација на Стратегијата.*

**Активност 7.2.2. Зајакнување на вмреженоста на ИСППИ преку Еразмус+ програмата.**

- Оваа активност треба да биде имплементирана од страна на секој член од наставно-научниот кадар, со поддршка на одговорниот од Управата за меѓународна соработка, одговорниот за Еразмус+ и советникот за меѓународна соработка.

*Временски рок за имплементација: Тековно, во целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: Склучени барем два нови Еразмус+ билатерални договори годишно, вкупно 10 во целиот период на имплементација на Стратегијата.*

**ЦЕЛ 7.3. Зајакнување на улогата на ИСППИ како организатор на меѓународни академски настани.**

**Активност 7.3.1. Организација на меѓународни научни конференции.**

- Оваа активност треба да биде координирана од Управа на ИСППИ, со подршка на секој од членовите на кадарот.

*Временски рок за имплементација: Тековно, во целиот период на имплементација на Стратегијата.*
*Индикатор за успешност: (Ко-)организирана барем една меѓународна конференција во двегодишен период, (ко-)организирани барем две такви конференции во целиот период на имплементација на Стратегијата.*

# ПРИЛОГ 1. ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

| | | | |
|---|---|---|---|
| | * означува активност со определен временски период | | * означува активност која се повторува или активност со поширок период на имплементација |
| Забелешка: годините се распределени во квартали. | | | |

| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 1. УСЛОВИ ЗА РАБОТА** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 1.1. Подобрување на инфраструктурните услови во објектот на ИСППИ. | Активност 1.1.1. Определување на минимум процент од Институтскиот буџет кој на годишно ниво мора да се искористи за подобрување на инфраструктурните услови. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.1.2. Определување на приоритети за инфраструктурни подобрувања | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.1.3. Извршување на годишниот буџет за инфраструктурни подобрувања. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 1.2. Подобрување на квалитетот на опремата за работа. | Активност 1.2.1. Определување на минимум процент од Институтскиот буџет кој на годишно ниво мора да се искористи за зајакнување на квалитетот на опремата за работа. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.2.2. Определување на приоритети во однос на редовната набавка на опрема за работа. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.2.3. Задолжително алоцирање на буџетски средства за набавка на опрема во проектни апликации каде тоа е можно. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.2.4. Извршување на годишниот буџет за подобрувања на опремата за работа. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 1.3. Соодветно зачувување на постојната опрема во Институтот. | Активност 1.3.1. Продолжување на праксата на редовен сервис на постојната опрема од страна на професионална компанија. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.3.2. Креирање и имплементација на механизам за интерно сервисирање на институтските таблети наменети за спроведување теренски анкетни истражувања. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 1.4. Обновување на бившата институтска сала за настани и адаптирање на истата за комерцијална употреба. | Активност 1.4.1. Подготовка на потребна документација и нејзино поднесување до надлежните органи. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.4.2. Обезбедување средства од УКИМ, МОН, или други извори. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.4.3. Изведување на објектот. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 1.4.4. Определување на услови за комерцијално користење на објектот со цел генерирање средства. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 2.1. Зголемување на бројот на надворешно финансирани научно-истражувачки проекти. | Активност 2.1.1. Спроведување на информативни средби за претстојни повици за грантови за научно-истражувачки проекти. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.1.2. Носење на одлука за минимум број на научно-истражувачки проекти кои треба да бидат аплицирани до надворешни донатори во рамки на секое одделение. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.1.3. Креирање и имплементација на план за обуки за дизајнирање на проекти и менаџмент на проектни циклуси наменет за персоналот на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 2.2. Креирање и имплементација на план за лобирање до надлежните институции и донесувачи на одлуки за промени во политиките на финансирање на науката во насока на одделување повеќе средства. | Активност 2.2.1. Креирање на план за лобирање. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.2.2. Реализација на планот за лобирање. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 2.3. Зајакнување на истражувачката инфраструктура во ИСППИ. | Активност 2.3.1. Пополнување на испразнетото работното место Советник за наука и настава. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.3.2. Назначување на персонал задолжен за логистичка поддршка при имплементација на истражувања во случај на потреба. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.3.3. Пополнување на испразнето место Библиотекар. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.3.4. Креирање на евиденциски документ кој се однесува на членовите на анкетарската мрежа на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 2.4. Операционализација на МК-АИПОН. | Активност 2.4.1. Структуирано лобирање за обезбедување средства со цел започнување со работа на архивот за податоци од општествените науки (МК-АИПОН) воспоставен во рамки на проеките на ЦЕССДА. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.4.2. Понатамошно активно учество во проекти и активности на ЦЕССДА. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 2.4.3. Понатамошна имплементација на проекти за отворена наука. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| | Активност 2.4.4. Понатамошна развој на соработката со чинителите во полето отворена наука во земјата. |
| ЦЕЛ 2.5. Продолжување на учеството на ИСППИ во Европското општествено истражување (ЕОИ). | Активност 2.5.1. Структуирано лобирање за обезбедување средства со цел продолжување на учеството на ИСППИ во ЕОИ. |
| | Активност 2.5.2. Понатамошно активно учество во проекти и активности на Мрежата на ЕОИ за Западен Балкан, како и во активности организирани од централата на ЕОИ. |
| ЦЕЛ 2.6. Зајакнување на вештините и знаењата за научни истражувања кај научно-истражувачкиот кадар. | Активност 2.6.1. Креирање и имплементација на годишни планови за обуки за истражувачки методи и дополнителни истражувачки алатки. |
| ЦЕЛ 2.7. Зајакнување на документирањето на емпириските истражувања имплементирани од ИСППИ. | Активност 2.7.1. Креирање на соодветна документација за минатите истражувања на ИСППИ. |

| ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 3. НАСТАВА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 3.1. Зголемување на бројот на студенти. | Активност 3.1.1. Продолжување на скоро-воспоставената пракса на професионален маркетинг на студиите на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.1.2. Креирање на тим во ИСППИ (со членови од секоја студиска програма) кој ќе разработи детални и атрактивни описи за студиските програми кои ќе се искористат во кампањата предвидена со Активноста 3.1.1. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.1.3. Продолжување на неодмна воведената пракса за доделување на стипендии на студиите од втор циклус и јавна промоција на стипендиската програма на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.1.4. Иницирање на договори/партнерства со правни субјекти чии вработени би имале интерес за студирање во ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 3.2. Задржување на актуелноста на студиските програми. | Активност 3.2.1. Креирање и спроведување на механизам за следење на квалитетот на студиските програми преку споредување со други студиски програми на врвните светски универзитети. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 3.3. Понатамошно учество на ИСППИ во меѓународни студиски програми. | Активност 3.3.1. Продлабочување на меѓународната соработка на ИСППИ преку програмата ПОСИГ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.3.2. Иницирање на меѓународни студиски програми во областите кои работи ИСППИ а кои не се меѓународно вмрежени. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 3.4. Проширување на образовната улога на ИСППИ преку креирање понуда од неформално образование. | Активност 3.4.1. Активирање на програмата за курсеви за неформално образование. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.4.2. Определување на задолжителен рок од кој елаборатите за курсеви од неформално образование треба да бидат доставени до Научниот совет. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 3.5. Зајакнување на врската меѓу поранешните студенти и ИСППИ. | Активност 3.5.1. Креирање на регистар на поранешни студенти со нивни адреси за е-пошта. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.5.2. Креирање на секција на веб-страницата на ИСППИ каде ќе биде застапен регистарот на поранешни студенти. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 3.5.3. Вклучување на членовите на алумни-мрежата во активности на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| ЦЕЛ 3.6. Проширување на образовната улога на ИСППИ преку организација на јавни предавања од домашни и странски експерти. | Активност 3.6.1. Креирање на годишен план за јавни предавања. |
| | Активност 3.6.2. Имплементација на годишните планови за јавни предавања. |
| ЦЕЛ 3.7. Вклучување на кадарот (особено помладиот) во предавања од прв циклус студии. | Активност 3.7.1. Спроведување на средби со раководни лица во единиците на УКИМ кои имплементираат програми од прв циклус студии. |

| ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 4. КАДАР И РАБОТНА АТМОСФЕРА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 4.1. Пополнување на слободните места во систематизацијата на ИСППИ. | Активност 4.1.1. Преземање чекори за унапредување на Правникот во ИСППИ во позицијата Секретар. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 4.1.2. Преземање чекори за популнување на испразнетите позиции во систематизацијата на ИСППИ: советник за наука и настава (предвидено и со активност 2.3.1), библиотекар (предвидено и со активност 2.3.2), како и позицијата референт за студентски прашања. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 4.2. Зајакнување на квалитетот на комуникацијата меѓу кадарот. | Активност 4.2.1. Воведување на механизам - интерни средби за споделување на знаења. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 4.2.2. Воведување на механизам – кратки индивидуални презентации за тековната работа во текот на седниците на Научниот совет. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 4.2.3. Организација на заеднички неформални активности на кадарот на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 5. ИЗДАВАШТВО | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 5.1. Регистрирање на Годишникот на ИСППИ во базата на ЕБСКО. | Активност 5.1.1. Подготовка на план-чеклиста за промени кои треба да се имплементираат со цел да се запазат барањата на ЕБСКО. | ■ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 5.1.2. Имплементирање на планираните промени. | | ■ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | ▒ | | | | | | |
| | Активност 5.1.3. Поднесување на барање за регистрирање на годишникот во ЕБСКО. | | | | | | | | | | | | | | | ■ | | | | | |
| ЦЕЛ 5.2. Зајакнување на издавачката дејност на ИСППИ преку зголемувањето на бројот на објавени научни публикации. | Активност 5.2.1. Носење на одлука која ќе определи услови под кои ИСППИ ќе поддржи објавување на научни публикации. | | | ■ | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 6. ВИДЛИВОСТ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 6.1. Зајакнување на видливоста на ИСППИ кон јавноста и академската заедница. | Активност 6.1.1. Креирање на план/процедура за објави на социјални мрежи и на веб-страницата на ИСППИ, имплементирана од задолжени членови на персоналот. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 6.1.2. Воведување на годишен буџет за објави на социјалните мрежи. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 6.1.3. Носење на насоки за задолжително креирање на концизни и јасни пораки од истражувачките наоди (за секој проект во кој се инволвирани вработените во ИСППИ). | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 6.1.4. Креирање на план за присуство на ИСППИ на академските социјални мрежи, Researchgate, Academia.edu, како и на Google Scholar и ORCID. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 6.1.5. Превод на веб-страницата на ИСППИ на англиски. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 6.1.6. Поставување на посебен дел на веб-страницата на ИСППИ наменет за авторски блогови/коментари за општествените случувања на членовите на наставно-научниот кадар. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 6.1.7. Ажурирање на E-CRIS профилите на истражувачите на ИСППИ. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 6.2. Зајакнување на следењето на видливоста на ИСППИ. | Активност 6.2.1. Носење на насоки за следење на видливоста на ИСППИ во јавната сфера и имплементација. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | | | | 2025 | | | | 2026 | | | | 2027 | | | | 2028 | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ЦЕЛ 7.1. Продлабочување на меѓународната соработка на ИСППИ преку проектите во кои Институтот е веќе вклучен (ЦЕССДА, ПОСИГ, Еразмус+ билатерални договори, ЕОИ мрежа на Западен Балкан, ЕУМАСС). | Активност 7.1.1. Следење на меѓународната вклученост на ИСППИ и редовно информирање за динамиката до Институтската управа и Научниот совет. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 7.2. Вклучување во нови меѓународни проекти, активности и организации. | Активност 7.2.1. Искористување на евентуалните можности за отпочнување на нови меѓународни соработки. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Активност 7.2.2. Зајакнување на вмреженоста на ИСППИ преку Еразмус+ програмата. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 7.3. Зајакнување на улогата на ИСППИ како организатор на меѓународни академски настани. | Активност 7.3.1. Организација на меѓународни научни конференции. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |